УП бр.10-92

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-92 од 20.11.2019 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана од страна на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, на седницата одржана на 29.11.2019 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителните информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-92 од 20.11.2019 година, поднесено во име на Владата на Република Северна Македонија, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони преку директорот Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на друштвото за производство, и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден со седиште на адреса Технолошко индустриска развојна зона бр. 27- Скопје 1 / Илинден, како корисник на државната помош, утврди дека мерката

**- Државна помош во висина од XXX (XX проценти) од оправдани трошоци за индустриско истражување од кои најмногу XX (XXX проценти) можат да се доделат за настанатите трошоци за инструменти, нови машини и опрема кои ќе се користат за потребите на истражувачкиот проект но не може да изнесува повеќе од XXXX евра во денарска противвредност кој ќе биде исплатен во една транша до XX.XX XXX година;**

претставува **државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош. Ваквите мерки се наменети за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки претставува **хоризонтална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 14 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е <u>дозволено</u>.**

**- Државна помош во висина од 10% од потрошениот износ како оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и/или за изградба на зграда**

**во Зоната направени до датумот на завршување 31.12.2020 година но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност што ќе биде исплатена во една транша до 30.06.2021 година и**

**- Дополнителна државна помош во висина од XX (XX проценти) од инвестираниот износ на оправдани инвестициски трошоци за Инвестицискоит проект направени до датумот на завршување -XX.XX.XX но не повеќе од XXX евра**

претставуваат **државна помош** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош. Ваквите мерки се наменети за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила и претставуваат **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Александар Младеновски, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на помош како и Известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош на корисник во технолошко индустриска развојна зона, Скопје 1 - КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден бр. 10-92 од 20.11.2019 година (во понатамошен текст: известувања), Договорот за доделување на државна помош на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден (во понатамошен текст: Договор) на корисник во технолошко индустриска развојна зона , Скопје 1, писмо за намери бр. 13- 1366/1 од 17.10.2019 година и Бизнис

план за инвестициски проект и податоци за деловниот субјект (во понатамошен текст: Деловен план).

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) како ден на прием на уредно известување се смета 14.11.2019 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-92 од 20.11.2019 година поднесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана од страна на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден со седиште на адреса Технолошко индустриска развојна зона бр. 27- Скопје 1 / Илинден како корисник на државната помош, утврди дека мерките:

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: КЗК) во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања како и Договорот кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е: Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од страна на** Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони, односно од страна на директорот Александар Младеновски;

- **Корисник на државната помош е:** КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ со седиште на адреса Технолошко индустриска развојна зона бр.27- Скопје 1 / Илинден

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;

- Да биде селективна;

- Да претставува економска поволност за примателот и

- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на мерките содржани во доставените известувања, КЗК ја анализираше од аспект на тоа дали истата ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

Мерката **- Државна помош во висина од XX (XX проценти) од Оправдани трошоци за индустриско истражување од кои најмногу XX (XXX проценти) можат да се доделат за настанатите трошоци за инструменти, нови машини и опрема кои ќе се користат за потребите на истражувачкиот проект но неможе да изнесува повеќе од XX евра (XX милион евра) во денарска противвредност кој ќе биде исплатен во една транша до XX.XXXXгодина** во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, се ставаат во понезавидна положба од преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, му овозможува доделување на државна помош поврзана со пропорционален дел од платениот данок на добивка а кои во нормални пазарни услови претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден за други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

КЗК исто така утврди  дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно **Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 03/14.**

Државната помош за индустриско истражување преку воспоставување на опганизациони облици за технолошки развој и истражување ќе биде исплатена на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден во една транша до XX XX.XXгодина, откако КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден ќе поднесе барање за исплата на државна помош најкасно до XX.XX.XXгодина .

Во Договорот е наведено дека Друштвото за производство, и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден ќе инвестира износ не помал од XXX евра во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци во Зоната во периодот до Датумот на завршувањето на Инвестицискиот проект.

Доколку до датумот на завршување на Инвестицискиот проект корисникот на државната помош не успее да реализира најмалку  XX (XX проценти) од XXXX евра, но започне со произвоство во Зоната, корисникот на државната помош ќе биде должен да плати на давателот на државната помош казна од XX (XXпроценти) од разликата помеѓу реално инвестираниот износ и износот од XXXX евра во рок од три месеци сметано од Датумот на завршување на Инвестицискиот проект.

Државната помош ќе биде исплатена само ако корисникот поднесе барање за исплата со детални и целосни извештаи, со кои се докажува износот на остварените оправдани трошоци за индустриско истражување (договор за набавка/ изградба и договор за истражувачки и развојни проекти, фактури, царински документи, банкарски изводи итн.) со кој се потврдуваат направените трошоци за индустриско истражување  од Друштвото за производство, и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден .

Мерката - **Државна помош во висина од XX од потрошениот износ како оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и/или за изградба на зграда во Зоната направени до датумот на завршување XXX година но не повеќе од XXX евра во денарска противвредност што ќе биде исплатена во една транша до XX.XX.XXX година претставува државна помош,** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, се ставаат во понезавидна положба од преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, му овозможува доделување на државна помош поврзана со пропорционален дел од платениот данок на добивка а кои во нормални пазарни услови претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден за други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Исто така, согласно Предлог - Договорот, давателот на државната помош се обврзува дека ќе обезбеди на корисникот на државната помош во висина до 10% (десет проценти) од потрошениот износ на оправдани инвестициски трошоци за

набавка на нови машини и/или за проширување на зградата во Зоната потребни за инвестицискиот проект направени до Датумот на завршување, но не повеќе од XXXX евра во денарска противвредност која ќе се исплаќа во една транша до XX.XX.XXX година.

Во Предлог- Договорот корисникот на државна помош се обврзува дека ќе создаде најмалку XX(XX) нови работни места при што ќе вработи најмалку XXвработени до датумот на завршување. Доколку достигнатиот бројот на вработени е под XX корисникот на државната помош има обврска во наредните X(XX) месеци да ги реализира договорените вработувања.

Доколку корисникот на државната помош не успее да ги реализира вработувањата во дополнително дадениот период од шест месеци, корисникот на државна помош ќе биде должен да плати на давателот на државна помош казна во износ од XXX евра во денарска противвредност за секое непотполнето работно место.

Државната помош ќе биде исплатена само ако корисникот ги зголеми приходите од работењето и не го намали просечниот број на вработени во споредба со просекот од предходните години (почнувајќи од годината на Датум на почеток). Во Предлог- Договорот, давателот на државна помош ќе ја исплати државната помош на корисникот на државната помош, под услов корисникот на државната помош да ги достави сите потребни документи за докажување.

Мерката - **Дополнителна државна помош во висина од XX (XX проценти) од инвестираниот износ на оправдани инвестициски трошоци за Инвестицискоит проект направени до датумот на завршување -XX.Xx XX, но не повеќе од XX евра, претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија на КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатието и неговите конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот, дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар – други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, му овозможува доделување на државна помош поврзана со пропорционален дел од платениот данок на добивка а

кои во нормални пазарни услови претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден би ги издвоил од сопствени ресурси за покривање на трошоците. На овој начин, со доделувањето на државната помош за оваа мерка, претпријатието – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Економската поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден за други истражувања и екпериментален развој во природните, техничките и технолошките науки, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие – КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13).

Согласно Предлог Договорот, давателот на државната помош се обврзува дека ќе обезбеди на корисникот дополнителна државна помош во висина до 10% (десет проценти) од инвестираниот износ на оправдани инвестициски трошоци потребни за Инвестицискиот проект направен до Датумот на завршување, а кој ќе се исплаќа во четири транши:

а) Првата транша во износ од XX евра во денарска противвредност ќе се исплати не подоцна од XXXX.XX година, само под услов ако корисникот на помошта достави до давателот на државната помош до XX.XXXX година барање за исплата заедно со официјални докази со кои се потврдува дека бројот на вработени во XX година би бил повисок од просечниот број на вработени во претходните три години и дека ги зголемиле приходите од дејноста за најмалку XX (XX проценти) во споредба со просечните годишни приходи од дејност во претходните три години (т.е. XX, XX и XXгодина),

б) Втората транша во износ од XX евра во денарска противвредност ќе се исплати не подоцна од XX.XX.XX година, само под услов ако корисникот на

помошта достави до давателот на државната помош до XX.XX.XXXгодина барање за исплата заедно со официјални докази со кои се потврдува дека бројот на вработени во XX година би бил повисок од просечниот број на вработени во претходните три години и дека ги зголемиле приходите од дејноста за најмалку X (XX проценти) во споредба со просечните годишни приходи од дејност во претходните три години (т.е. XX, XXX и XX година),

в) Трета транша во износ од XX евра во денарска противвредност ќе се исплати не подоцна од XX.XX.XX година, само под услов ако корисникот на помошта достави до давателот на државната помош до XX.XX.XXгодина барање за исплата заедно со официјални докази со кои се потврдува дека бројот на вработени во XXгодина би бил повисок од просечниот број на вработени во предходните три години и дека ги зголемиле приходите од дејноста за најмалку X (XXпроценти) во споредба со просечните годишни приходи од дејност во претходните три години (т.е. XX, XXи XX година),

г ) Четвртата транша во износ од XX евра во денарска противвредност ќе се исплати не подоцна од XX.XX.XXX година, само под услов ако корисникот на помошта достави до давателот на државната помош до xx.XX.XX година барање за исплата заедно со официјални докази со кои се потврдува дека бројот на вработени во XXгодина би бил повисок од просечниот број на вработени во претходните три години и дека ги зголемиле приходите од дејноста за најмалку X (X проценти) во споредба со просечните годишни приходи од дејност во претходните три години (т.е XX, XX и XX година).

Корисникот на државна помош се обврзува да ја задржи инвестицијата за период од најмалку пет години сметано од Датумот на завршување на инвестицискиот проект. Доколку корисникот не ја одржи инвестицијата за наведениот период, ќе го врати вкупниот износ на примената државна помош со вклучена каматна стапка во согласност со законите и прописите на Република Македонија.

Корисникот на државна помош се обврзува да ја задржи инвестицијата за период од најмалку пет години сметано од Датумот на завршување на инвестицискиот проект. Доколку корисникот не ја одржи инвестицијата за наведениот период, ќе го врати вкупниот износ на примената државна помош со вклучена каматна стапка во согласност со законите и прописите на Република Македонија.

Мерките:

1. **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период до 10 години;**

2. **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход по основ на исплатени плати на вработените за период до 10 години;**

3. **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на увозот на добра во ТИРЗ, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка;**

4. **Царински ослободувања и олеснувања;**

5. **Ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и**

6. **Изземање од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по утврдувањето на царински дозволените активности или употреба на добрата за време на вршењето на дејност во зоната**

**претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони** за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошки – индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко – индустриските развојни зони основани од Владата на Република Северна Македонија.

Давателот на државната помош во Договорот јасно ги утврдил правилата за кумулација на помошта и истите се во согласност со правилата за кумулација дефинирани во член 10 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, врз основа на која уредба се доделува државната помош наведена во Решението.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Д-р Владимир Наумовски**